Australian Macedonian
# TODAY
34 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1981 4 OCTOBER 2024 FREE

## МИЦКОСКИ ПО 100 ДЕНА ВЛАДА: МАКЕДОНИЈА МОЖЕ ВО ЕУ И БЕЗ СРАМНИ ОТСТАПКИ!

# ГРУЕВСКИ ВО БУДИМПЕШТА „ЈА ОДЛЕЖА“ ЗАТВОРСКАТА КАЗНА ЗА „МЕРЦЕДЕСОТ“



## ЏУЛИЈАН АСАНЖ ВО СОВЕТОТ НА ЕВРОПА:
## БЕВ ПОЛИТИЧКИ ЗАТВОРЕНИК И ИЗБРАВ СЛОБОДА НАМЕСТО ПРАВДА





FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО
ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# Како линеарното покачување на пензиите ќе влијае врз ПИОМ?

Околу 330.000 пензионери во Македонија на 1 октомври добија 2.500 денари линеарно покачување на пензиите. На 1 април ќе добијат дополнителни 2.500 денари, со што минималната пензија, која ја добиваат нешто повеќе од половина од пензионерите, тогаш ќе се зголеми на 18.200 денари. Ова значи дека во следните 6 месеци за исплата на пензиите Фондот за пензиско осигурување ќе бидат потребни околу A$165 милиони а потоа A$182 милиони месечно.

Но Фондот за ПИОМ постојано е во дефицит. Секоја година дупката се покрива со пари од џебот на сите граѓани, односно со директни трансфери од Буџетот. Практично поради „дупката“ во ПИОМ државата годишно за пензионерите плаќа речиси исто како и за платите на целата јавна администрација.

Во 2017 година дефицитот на ПИОМ беше 43%. Со донесената методологија за раст на пензиите во зависност од растот на просечната плата и трошоците на живот, дефицитот годинава ќе биде под 37%.

Конкретно тоа значи дека за редовна исплата на пензиите на 330.000 пензионери во 2024 ќе бидат потрошени околу A$1.73 милијарди при што од државниот буџет на сметката на ПИОМ директно ќе бидат „претурени“ A$645 милиони.



AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com

## Македонија добива нов извор на гас, започна со работа терминалот во Александрополис



Терминалот за течен гас „Александрополис“ започна со работа и со тоа стана енергетска порта за неруски гас кон Централна и Југоисточна Европа.

Македонија во март 2021 влезе во финансирањето на овој проект со закупување на 10% од капацитетот.

Терминалот за течен гас „Александрополис“ се состои од пловна платформа за складирање и втечнување и од подморски и копнен гасовод кој ја поврзува пловечката единица со Националниот систем за пренос на природен гас и преку него ќе испорачува природен гас надвор од Грција - до Бугарија, Романија, Македонија, Србија, Молдавија и Украина на исток, како и Унгарија и Словачка на запад. Пловечката единица има максимален капацитет за регасификација од 5.5 млрди кубни метри годишно. Се очекува тука да доаѓа и течен гас од Австралија.






# На Груевски му застаре затворската казна за набавката на „мерцедесот“

На поранешниот премиер Никола Груевски на 4 октомври годинава му застарува тригодишната затворска казна за случајот „Тенк“, кој се однесува за набавката на луксузниот „мерцедес“. Груевски на 4 октомври 2018 година беше правосилно осуден, така што годинава поминуваат шест години, што е законски предвидениот рок за застарување на одлежувањето на казната.

Според Кривичниот законик застареноста на извршувањето на казната настапува кога ќе помине двапати онолку време колку што е потребно за застарување на делото. Во случајот „Тенк“ за Груевски рокот за застареност изнесува три (колку што е осуден) плус три години.

Другите осудени лица во случајот „Тенк“ беа поранешната министерка за внатрешни работи Гордана Јанкулоска и поранешниот помошник министер во МВР Ѓоко Поповски. Тие веќе ги одлежаа своите казни од по 4 години. „Мерцедесот“, пак, сè уште се користи како „флагшип“ за официјални делегации.



***Груевски побегна во Унгарија на крајот од 2018 година и доби азил. Поголемиот дел од судските процеси каде беше обвинет застареа. Доколку сега се врати во Македонија нема да лежи затвор ниту за „Тенк“, но има уште две пресуди и за целосно да биде на слобода ќе мора да чека до 2036 кога му застарува казната и за плацевите на Водно (таму е осуден на 7 години а има и 1.5 година за насилството во Советот на Општина Центар)***

# ЦГК: Врие од корупција во јавните набавки

Врие од корупција во јавните набавки. Според истражувањето кое го спроведе Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) секоја втора фирма која учествува на тендер смета дека корупцијата е најзастапена, а 23% од нив со корупција се соочиле и лично, во форма на поткуп, како последица на политички интереси или роднински односи.




Минатата година биле склучени договори со рекордна вредност од околу A$2.5 милијарди, а на секој трет тендер немало никаква конкуренција, односно биле со само еден понудувач.

За танго треба двајца, па и од ЦГК сметаат дека и фирмите и вработените во државните институции подеднакво се извор на корупција.

Истражувањето покажува и дека различни институции набавувале исти производи по драстично различни цени, некаде и по двојно повисока разлика.

Општините лани потрошиле 40% повеќе пари од претходната година, каде фаворити биле само 10 компании кои добиле 25% од вредноста на сите тендери.



# Австралиската стапка на инфлација падна на 2,7% во август



Државниот ризничар **Џим Чалмерс** ја спореди австралиската економија со *САД*, тврдејќи дека австралиските стапки на инфлација се многу подобри од оние во *Америка* и другите западни земји. Државниот ризничар изјави дека владата гледа значително намалување на инфлацијата во август на 2,7%.

Во својата изјава, д-р **Чалмерс** рече, бројките сеуште се непредвидливи и не им дава преголема важност како на бројките од кварталниот извештај кој ќе биде објавен на 30 октомври, и дека експерти за економија и државната ризница очекуваат стапката на инфлација тогаш да покаже значителен пад. *„Некои експерти очекуваат пад под три отсто, но повторно не можеме со сигурност да кажеме дека нема да биде нешто над три отсто, но веќе некое време забележуваме значителен пад на инфлацијата*" - изјави тој.

*Месечниот индекс на потрошувачки цени (CPI)* за јули покажуваше инфлација од 3.5 отсто, што беше пад од 3.8% во јуни. Овие бројки се објавени ден по состанокот на Управата на Централната банка кога каматните стапки останаа непроменети, гувернерката **Мишел Булок** ја отфрлила можноста за скорешно намалување на каматната стапка бидејќи инфлацијата на годишно ниво е повисока од посакуваните 2 до 3 отсто.

Сепак, австралиската централна банка сега се соочува со зголемени притисоци да ги намали каматните стапки по неочекуваниот потег на американската централна банка да ги намали каматните стапки на кредитите за 50 базични поени до опсег од 4.75 до 5%. Додека Коалицијата ова го искористи за да го нападне владиното управување со финансиите, наведувајќи дека австралиските каматни стапки остануваат тврдоглаво повисоки од каматните стапки на земји со слична економска состојба, д-р **Чалмерс** предупреди дека каматните стапки на *САД* остануваат и понатаму повисоки од готовинската каматна стапка во *Австралија*, која изнесува 4.35%. „Нивната стапка се зголеми повеќе затоа што имаа поголема инфлација, па дури и кога каматните стапки паднаа, и понатаму беа повисоки од нашите, ист е случајот и со *Обединетото Кралство*. Затоа, кога се споредуваме со други земји, мораме да направиме целосна споредба". Попустот за електрична енергија кој го нуди сојузната влада ќе остане на сила за да се намали инфлацијата по воведување на оваа мерка во другите држави во август.

*Австралиското биро за статистика (АБС)* потврди дека без сојузната и државната поддршка, цените на електричната енергија и понатаму би се зголемиле. *„Се заедно, овие попусти доведоа до пад од 6.4% на струјата во јуни. Кога ќе ги исклучиме тие попусти, цените на електричната енергијата практично би се зголемиле во јули за 0.9%*" - вели **Леј Мерингтон**, раководител на одделот за статистика на цени при АБС. Д-р. **Чалмерс** очекува завршните проценки на буџетот за 2023/2024 година да покажат вишок од 11 милијарди долари, што е раст од $9.3 милијарди од мај. Ревидираните



бројки кои веројатно ќе бидат објавени овој месец најверојатно нема да бидат онакви како што е најавено поради зголемувањата на приходите, туку поради намалување на потрошувачката. *„Ова покажува дека имаме помалку приходи како се ближи крајот на финансиската година од нашите предвидувања во мај. Сиот напредок доаѓа од намалување на потрошувачката и поради тоа завршниот изглед на буџетот ќе покаже дека двата големи дефицити на Либералната партија ги претворивме во два големи плуса за Лабуристичката партија“* - изјави **Чалмерс**.

Гувернерката на *РБА* смета дека двата буџетски сурплуси помагаат во борбата против инфлацијата. Лабуристите го остварија својот втор буџетски суфицит оваа година по плусот од $22.1 милијарди во финансиската 2022/2023 година.

# Перт е најизолираната метропола во светот

Можеби ќе се изненадите кога ќе дознаете дека најоддалечената светска метропола е онаа за која веројатно сте слушнале многу пати досега. *Перт* во *Западна Австралија*, честопати се смета за најизолирана голема урбана област кога станува збор за оддалеченост на континентов. Најблиската дестинација со над 10.000 жители е *Аделаид*, кој е оддалечен неверојатни 2.136 километри, што е приближно р астојание од *Лондон* до *Казабланка, Мароко*.

Од главниот град на *Западна Австралија* потребни се четири часа лет да се стигне од *Сиднеј* и всушност географски е поблиску до земјите од *Југоисточна Азија* како Индонезија. Освен што е оддалечен, тој исто така е и навистина простран. *Перт* се простира на 3,069 квадратни километри, што го прави само малку помал од *Лондон*, и покрај фактот што неговото население е речиси четири пати помало. Иако *Перт* е далеку, не е надвор од мрежата - далеку од тоа. Вистината е кога сте во *Перт*, всушност не ни забележувате дека сте сред пустелија.

Модерен град во напредна земја, *Перт* има се што можете да очекувате од голема метропола: од ноќни клубови и трговски центри до ефикасен систем на јавен транспорт. Важно е да се напомене статусот на *Перт* како најоддалечен град е донекаде дискутабилен. На пример, *Икитос*, *Перу*, би можел да биде кандидат, ако се земе предвид тоа што нема патишта кои водат до него и е пристат до него е само преку река или воздух - а градот *Пукаља* е оддалечен нешто повеќе од 500 километри.

Тука е и *Хонолулу*, *Хаваи*, кој од *Сан Франциско, САД*, најблискиот голем град е оддалечен 3.858 километри. Некои Новозеланѓани можеби би помислиле дека и тие имаат право на ова одликување, бидејќи *Окланд* е оддалечен 2.168 километри од , најблискиот град со слична големина.

Има и такви кои би тврделе дека *Перт* е всушност многу блиску до најблискиот град: *Фриментл*, 40 минути со автомобил. Меѓутоа, повеќето сметаат дека *Фриментл* е предградие на *Перт*, а не посебен град. Значи, ако се занимаваме со детали, *Перт* можеби и не бил најизолираниот град на Земјата. Покрај тоа, никаде во светот не постои град со слична големина кој е толку оддалечен, што објаснува зошто би морале да слушнете дека така честопати го нарекуваат.

INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

- TAC
- WorkCover
- Slips & Falls
- Superannuation TPD
- All Injury Claims
- Free First Appointment
- Speak Macedonian
- Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- Сообраќајни повреди
- Повреди на работа
- Суперануација и траен инвалидитет
- Сите видови на повреди
- Првата средба е бесплатна
- Зборуваме Македонски
- Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES LAWYERS

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000

### МИЦКОСКИ НА 100 ДЕНА ВЛАДА:

# Македонија може во ЕУ и без срамни отстапки!



Премиерот Христијан Мицкоски оцени дека неговата Влада имала успешни 100 дена, иако била соочена со тешкотиите што ги наследила од претходната. Наспроти него од опозицијата обвинија дека оваа Влада им ставила крај на преговорите со ЕУ, ја изолирала и ја донела земјата во политички ќорсокак.

Премиерот Мицкоски е дециден дека Владата никогаш нема да отстапи од полноправното членство во ЕУ, но и дека никогаш нема да направи нешто што е спротивно на националните интереси и стратешки определби на граѓаните. Според премиерот, овие две стратешки цели не се во конфликт и можат паралелно да се реализираат – и да се зачуваат националните интереси и да влеземе во ЕУ. Тој смета дека Македонија не е сама на патот кон ЕУ (и покрај одлуката на Унијата за одвојување на Албанија) и дека земјата има многу пријатели.

- Оваа Влада нема да направи ништо спротивно на интересите на граѓаните и на националните интереси и стратешки правци. Нема да направи ниту една отстапка која ќе биде дополнителен срам за граѓаните. Вашиот интерес е наша заповед, а ние ќе функционираме како ваши слуги. Се додека ја имаме вашата поддршка ќе бидеме од ден на ден се подобри. Никогаш нема да остстапиме од втората стратешка цел – полноправно членство во ЕУ. Двете овие стратешки цели можат паралелно една со друга да се реализираат и не се во конфликт, рече премиерот Христијан Мицкоски во отчетот по повод 100 дена Влада.

Тој не одговори конкретно за планот за понатамошниот пат на Македонија кон ЕУ и за различните изјави од министрите во неговата Влада – вицепрмеиерот Изет Меџити изјави дека е убеден дека до крајот на годината ќе има уставни измени, додека министерот за евроинтеграции Орхан Муртезани, пак, рече дека во Брисел нема расположение за македонскиот предлог за уставни измени со одложено дејство.

Премиерот истакна дека неговиот став е добро познат и дека не прифаќа промена на Уставот под уцени и диктат.

- Мора да се навикнете на политичари коишто се грижат за своите граѓани и работат за своите граѓани чесно и одговорно без истите да ги понижуваат и ограбуваат и потпишуваат договори на штета на своите граѓани. Ако мислите дека треба да ги полираме чевлите на некои од политичарите од земјите членки на Европската унија и дека тоа е правиот пат, простете, но јас не сум добар соговорник. Со мене може да се разговара само врз основа на аргументи, рече премиерот.

Reg. No. A00424610 — AHAM BRIDGE OF HUMANITY — ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

Места каде се издаваат и примаат кутиите

ВИКТОРИЈА
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
ЏИЛОНГ: Коста 0401 550 841
АЛТОНА: Јован 9314 8585 ,0434 088 440
АРДИА: Милорад и Сенди 9363 3635
БАНДУРА: Филимена 9467 8027
БОКС ХИЛ-РИНГВУД: Гоце 0431 518 568
ДАНДЕНОНГ: Борката 9795 6305, 0411 767 613
КИЛО-СЕНТ АЛБАНС: Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС: Целе Бељановски 9337 3931
ЛАЈЛОР ЕПИНГ: Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
МЕЛТОН: Драги 0419 325 848
ПРЕСТОН – НОРТКОТ: Валентина 0451 820 045
ПРЕСТОН: Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
РЕЗЕРВО: Ило 9460 7802, 0432 654 251

СЕНТ АЛБАНС: Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
ЈАРАВИЛ: Трена 9687 4663

НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС
СИДНЕЈ: Љупчо 0415 801 989
АРНКЛИФ: Горан 0414 597 595
БЕНКСТАУН – ЈАГУНА: Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Цексон - 9793 0366, 0407 175 727
КАНЛЕЈ ВАЛИ: Илија 9754 2287
РОКДАЕЛ: ВМ Центури Травел 9587 5493
КАНБЕРА – КВИНБИЈАН: Душица 0404 149 965
ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА: Васко 0450 484 418

ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА
АДЕЛАИД: Драго 08 8345 1381

ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА
ПЕРТ: Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

КВИНСЛЕНД
БРИЗБЕН: Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

## Предлагаме уставните измени барани од Бугарија да важат како измените постигнати со Грција

Мицкоски повторно направи паралела меѓу Преспанскиот договор и Договорот за добрососедство и порача дека исто како што во Преспанскиот има условна клаузула дека името Северна Македонија ќе почне да се применува кога договорот за пристапување во НАТО ќе биде ратификуван во Парламентот во Грција, така и со Бугарија треба уставните измени да важат кога оваа земја ќе го ратификува пристапниот протокол за членството на Македонија во Унијата.

- Еве, ние почитуваме договори. Но, зошто тоа не важи и за договорот за добрососедство? Каде во него стои дека ние треба да го смениме Уставот, рече Мицкоски и сподели дека токму тоа го понудил унгарскиот премиер Виктор Орбан, иницијатива што Софија експресно ја одби.

- Треба да се разговара, преговара, додека не се постигне решение. Жалам што нашиот источен сосед не прифати посредување од Орбан. Јас стојам на располагање, ќе прифатам, нека кажат каде, ако е потребно да разговараме со денови, со часови, се да ставиме на маса и да го решиме ова еднаш засекогаш. Но, нема да бидам наивен и да влезам во процес што не ни гарантира успешен крај, рече Мицкоски.

Премиерот рече дека владината коалиција е стабилна и дека и покрај различните мислења за одредени прашања сите коалициони партнери се обединети околу стратешките прашања.

- Коалицијата има двотретинско мнозинство, ова не е коалиција што се бори за својата стабилност. Хармонијата и колегијалниот дух владее во коалицијата, на моменти нормално е да постојат и различни

## СДСМ: ВМРО-ДПМНЕ ја остави државата на дното на Балканот

Во оценката за 100 дена Влада од опозициската СДСМ обвинија дека досега најголемиот успех е „одлуката на Мицкоски и ВМРО-ДПМНЕ да стават буквално крај на преговорите со ЕУ и да ја дотераат земјата во политички ќорсокак" и „од земја со јасна перспектива напред, јасен план за развој и раст на секое поле во рамки на ЕУ, Мицкоски реши да ја затвори и изолира уништувајќи ја надежта дека тука ќе се живее подобро". Лидерот на оваа партија Венко Филипче на прес-конференција рече дека нема ни трага од мудрата дипломатија која требаше да не направи повторно горди.

- Мицкоски нема ниту мандат ниту право тоа да го прави. А нема ни покачување на минимална плата на 450 евра која денес ќе беше реалност со СДСМ. Велат ако и одело добро на економијата тогаш можеби ќе се качеле платите. Наставниците и просветните работници добија покачување од 0,7% наместо 12% кои ги планираше СДСМ. Се случува целосна деградација на работниците и нивните права. За жал, се враќа политиката на евтина работна сила, платите паѓаат, стандардот се намалува, а Владата не обезбеди ниту заштита на граѓаните од високите цени и алчноста на трговците. Мерките се задоцнети и без ефект. За сто дена нема ниту никаков траг од епскиот криминал кој наводно ќе го докажуваа, рече претседателот на СДСМ.


A WORLD OF NATURAL STONE
JOHN STONEMART
MEMORIALS YOUR MEMORIES SHOULD LAST FOREVER


НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ од $4,250
ПРИВРЕМЕНА КУТИЈА ЗА СВЕЌИ $150

Метална кутија со пластична врата
(Ќе дадеме подобра цена од секоја претходна дадена во пишан договор. Под извесни услови.)*
ДИРЕКТНО ОД ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ
ДОМАШЕН И УВОЗЕН КАМЕН
ВРВЕН СВЕТСКИ КВАЛИТЕТ
310 MAHONEYS ROAD, THOMASTOWN 1300 696 896
UNIT 3/177 ARTHUR ST., ROOKWOOD, NSW 9746 6966
STORE LOCATION IN VIC: THOMASTOWN 9359-0898 | SPRINGVALE SUPASTORE 9548-4199 | DANDENONG 9706-8108
DANDENONG SOUTH 9706 4486 | SPRINGVALE 9540-8807 | NUNAWADING 9890-1118 | FOOTSCRAY 9689-8882
STORE LOCATION IN NSW: ROOKWOOD (02) 9746 6966 | MATRAVILLE (02) 8608 2436 www.johnstonemartmemorials.com.au

мислења, но тоа не значи дека не се согласуваме за стратешките прашања. На опозицијата и порача да биде конструктивна и силна и наместо со обвинувања, да се натпреварува со политики кои ќе донесат подобар стандард на граѓаните.

## Нема со апсења да правиме естрада

Во однос на критиките за борбата против корупцијата или „зошто не апсиме", премиерот Мицкоски порача дека нема од тоа да прави естрада и да манифестира моќ и политички реваншизам.

– Ниту како човек, ниту како универзитетски професор, ниту како политичар, нема да дозволам од тоа да се прави естрада, да манифестирам сила, моќ и политички реваншизам. Човечки е да се простува, но и криминалот и корупцијата да бидат казнети. Но, за тоа има институции. Бидете трпеливи. Процесот е тежок, затоа што имаме партиски послушници во правосудниот систем. И тука не мислам на сите, туку на една мала група, рече премиерот.

Тој истакна дека рокот до 30 септември што го даде Владата помина, но за жал до нив не стигнал ниту еден конкретен предлог како треба да се одвива реформата во правосудниот систем, од оние што ги критикуваа нивните решенија.

## Што е остварено за 100 дена?

Во отчетот за сработеното во првите 100 дена, прмеиерот Мицкоски ги спомна: зголемувањето на пензиите, странските инвестиции, проширувањето на позитивната листа на лекови, субвенциите за земјоделците, надминување на проблемите со учебниците, зголемена наплата на Царинската управа, надминување на проблемот со издавање на личните документи и друго.

На крајот Мицкоски рече дека целта не е само да се фалат и дека како Влада имале и гафови изминатите 100 дена. Но, дека е природно - кој работи и да греши и дека не треба да се земаат за зло грешките кои не предизвикале катастрофална штета, особено ако ведаш има корекција.

## МЕЏИТИ: УБЕДЕН СУМ ВО УСТАВНИТЕ ИЗМЕНИ ДО КРАЈОТ НА ГОДИНАВА



Иако Албанија се одвои од пакетот со Македонија и ќе го отвори првото поглавје во преговорите со Европската унија, сепак првиот вицепремиер и министер за животна средна Изет Меџити е оптимист дека уставните измени ќе се спроведат до крајот на оваа година. Тој за „КликПлус" на ТВ21 изјави дека интензивно работат на придвижување на ова прашање.

- Претходните влади многу зборуваа, но ништо не направија. Ние помалку зборуваме и мислам дека интензивно работиме на изнаоѓање решенија и придвижување на ова прашање. Убеден сум и секојдневно работиме во оваа насока, рече Меџити.

За Законот за јазиците министерот вели дека тој нема можност да се укине. Рече дека Законот треба да се унапредува бидејќи и онака не е целосен, алудирајќи на дефиницијата „најмалку 20 проценти". Тој спомна три члена на законот, кои се во врска со униформите на полицијата и армијата, банкнотите и судските постапки.

- Доколку условно се избришат овие три члена, ќе имаме една политичка состојба за да дебатираме за закон кој ќе го унапредува албанскиот јазик, но ќе биде и во согласност со Уставот, со цел да не оставиме простор во иднина некој да го толкува како што сака. Но сакам да заокружам дека не се загрозува албанскиот јазик како службен. Тој е дел од правниот систем. Значи како што останал. Во Влада се користи, во парламент се користи, во институциите се користи, вели Изет Меџити.

Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors



РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ

- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals

- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971

# Финансиската достапност падна на „најниско ниво досега“

Достапноста на недвижнини во *Австралија* падна на „најлошо ниво досега забележано“, за што се одговорни високите каматни стапки за стамбени кредити и се поголемите цени на недвижниот имот.




Црните прогнози кои можат да се видат во најновиот Извештај за достапност на недвижности кој го објавува *PropTrack* покажуваат дека типичното домаќинство со примања од околу $112.000 може да си дозволи само 14% од недвижностите кои се на продажба. Оваа бројка воедно е и најниска од 1995 година, откога се бележи статистиката за достапноста на недвижностите, која падна за 43% за само три години. *Нов Јужен Велс, Тасманија* и *Викторија* беа држави со најниска стапка за финансиска достапност на недвижности.

Во Извештајот се наведува домаќинствата со среден приход можат да си дозволат само 10% од недвижносите кои се нудат на пазарот во *Нов Јужен Велс*, каде трошоците за станбен кредит се поголеми отколку на било кое друго место во *Австралија*. *PropTrack*, во Извештајот исто така ја објаснува состојбата во *Јужна Австралија* каде лани е забележан најголем пад на финансиската достапност, каде домаќинството со среден приход во текот на минатата финансиска година можело да си дозволи само 16% од недвижностите кои биле на продажба. Ова е пад од 49% во однос на 2020/2021 година. Во Извештајот се наведува, трошоците за станбени кредити се подеднакво високи како во 2008 година, а се пониски од историскиот максимум од 1989/1990 година.

*„Домаќинството со средни примања би морало да потроши една третина од својот приход за отплата на кредит за недвижнина со средна цена“* - вели **Пол Рајан**, постар економски експерт на *PropTrack.*

*„Без разлика на вистината на примањата, домаќинствата можат да си го дозволат најмалиот удел за недвижен имот кога ја гледнеме претходната година, што е значителен пад во однос на минатата година. Во овој момент, растот на приходот не е доволен за да се неутрализираат се поголемите цените на недвижностите и кредитите, што значи просечно австралиско домаќинство сега може да си дозволи само 14% од куќите и становите кои се продаваат ширум земјава.*

Експертите за недвижнини **Мустафа Бангура** и професорот **Чиј Лин Ли** во истражувањето кое го направиле во јули пронашле дека просечните приходи од работа со полно работно време повеќе не се доволни за луѓето било каде во *Сиднеј* да можат да влезат на пазарот за недвижнини. Двајцата истражувачи откриле дека никаде во *Сиднеј* нема финасиски достапни станови врз основа на просечната неделна плата од 2024 година за оние кои работат со скратено работно време за $600 и оние кои работат за просечна неделна плата од $1.500. Главниот фактор во ова истражување била близината на градот, и колку поради тоа е потешко да се купи недвижнина која е поблиску до деловниот центар на *Сиднеј*.

Коментирајќи го извештајот на *PropTrack*, **Рајан** рекол, оние кои го купуваат својот прв недвижен имот, како и оние што живеат во изнајмени станови, се соочуваат со неверојатна тешка финансиска достапност ако сакаат да влезат на пазарот за недвижнини. *„Каматните стапки за станбените кредити достигнаа највисоки нивоа од 2011 година, а тоа драстично влиае на достапноста на недвижностите и го намали капацитетот за земање кредити за речиси 30% за оние што земаат нови кредити, и ги зголемиле ратите за отплата на кредитите за постоечките должници до 50% за само две години“* - изјави **Рајан**.

Тој очекува недвижностите да станат подостапни кога ќе паднат каматните стапки, што би можело да се случи во следните шест месеци.

# 28-годишник од Тетово во притвор по обид за убиство – нападнал 17-годишник бидејќи одбил сексуални односи



28-годишен маж со иницијли **Љ.Ј.** нападнал со остар предмет 17-годишен малолетник бидејќи наводно одбил да има сексуален однос со него. Случајот се случил во фабрика во *Голема Речица*. Врз основа на сликите 17-годишниот малолетник видливо е дека се здобил со тешки повреди - има исечеными со скалпел кај вратот и десното уво. По пријавата во полиција, 28-годишникот е приведен и му е одредена мерка 30 дневен притвор. Од обвинителството во соопштение велат дека осомничениот по извршување на делото избегал со мотоцикл, кој подоцна е пронајден. Поради ризикот од повторување на делото одреден му е притвор од 30 дена.

## По два дена потрага планинарка пронајдена почината на Шар Планина



Телото на 72-годишна планинарка на 30 септември била пронајдена на *Шар Планина* во реон на *Љуботен*, соопшти Центарот за управување со кризи. До регионалниот *ЦУК Тетово* стигнал повик за исчезната повозрасна планинарка на *Шар Планина* по што била организирана потрага. Биле вклучени ренџери од *НП „Шар Планина*" заедно со нивниот директор, 12 специјалци од *МВР*, пет полициски службеници од *ПС Теарце.*

*- За жал не известија дека утрото на 30 септември во 07:30 часот е пронајдена жената во месноста „Ружен Камен", но без знаци на живот. За извлекување на настраданата жена од тежок и непристапен терен се интервенира и од страна на алпинистот* ***Надир Мурсели****, којшто помага при вакви случаи на Шар Планина. Увид на местото изврши екипа од СВР Тетово, а е известен и Јавен обвинител*, соопштија од ЦУК.


## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# Програма за пронаоѓање нега - Care finder



Австралиско Македонската Добротворна Организација за Добробит НЈВ, во рамките на проектот за пронаоѓање нега финансиран од Федерацијата на советите на етничките заедници во Австралија (Federation of Ethnic Communities' Councils of Australia – FECCA), сака да ги информира постарите членови на заедницата, како и членовите на заедницата кои знаат постари лица во заедницата на кои им треба поддршка, или се чувствуваат осамено и изолирано во нивните домови во областите на Bankstown Canterbury, Fairfield, Liverpool, Bayside и Georges River за оваа програма која може да им го подобри животот во нивните домови.

Во ова издание ќе зборуваме за Програмата за пронаоѓање нега – Care Finder со цел сите членови на заедницата да бидат подобро информирани околу оваа програма која обезбедува поддршка за ранливите постари луѓе да комуницираат со My Aged Care, да дојдат до услугите за нега на стари лица и да добијат друга релевантна поддршка во заедницата.

Оваа програма е важен дел од системот за нега на постарите лица во Австралија и таа ќе спречи постарите лица да ги пропуштат сервисите кои им се достапни и корисни. Секој не е во можност да користи интернет или да пристапи на центрите за контакт за да избере сопствена нега. Постојат разни причини поради кои постарите лица би можеле да ги пропуштат сервисите и помошта во заедницата, како што се јазикот, дигиталната писменост, траума од минатото, ограничената писменост, културните разлики, или било која друга причина. Програмата за пронаоѓање на нега вработува особи кои се наречени пронаоѓачи на нега. Овие вработени овозможуваат никој да не ги пропушти услугите за нега кои им следуваат.

### Кој може да ја користи услугата за пронаоѓање нега?

Оваа услуга е бесплатна и не е достапна за секого. Таа е специјално создадена за ранливите постари луѓе на кои им е потребна интензивна поддршка за дојдат до нега за постари лица и други локални услуги.

За да добијат поддршка за пронаоѓање нега, постарите лица треба да:

- *Немаат негувател/грижител или лице за поддршка што може да им помогне, или*
- *Немаат негувател или лице за поддршка покрај кое се чуствуваат удобно или имаат доверба во него да ги поддржи,*
- *Ги исполуваат условите за грижа за постарите лица финансирана од владата*

*Покрај ова, постарите лица треба да имаат една или повеќе од овие причини за потреба од интензивна поддршка ако:*

- *Имаат тешкотии во комуникацијата поради проблеми со јазикот или писменоста*
- *Им е тешко да ги разберат информациите и да донесат одлука*
- *Се двоумат да се вклучат во сервисите за грижата за постари лица одобрена од владата*
- *Живеат во небезбедни услови или не добиваат никакви услуги*

### Како функционира службата за пронаоѓање нега?

Ако некому му е потребна оваа поддршка, тогаш треба да ја контактира локалната организација за пронаоѓање нега и таа ќе го поврзе со посветен/личен пронаоѓач на нега. Доколку лицето не може директно да ја контактира оваа локална организација за пронаоѓање нега, може да се јави на било која организација, која ја знае во заедницата и тие ќе го препратат до организацијата за пронаоѓање нега. Исто така, доколку лицето може да користи интернет може да најде било која организација која е регистрирана за пронаоѓање нега за постари лица, на пример на интернет страната - *https://www.myagedcare.gov.au/help-care-finder.*

Пронаоѓачот на нега ќе го посети постарото лице, обично лично. Ова може да биде во неговиот дом или на друго место спрема условите. Тие ќе поставаат прашања за да ја разберат ситуацијата на лицето кое бара нега за да можат да му дадат поддршка и да ги задоволат неговите потреби. Лицето мора да даде согласност за овие информации бидат споделени со потребните организации кои мо-

жат да помогнат во процесот.

**Каква помош можат да дадат пронаоѓачите на нега?**

Пронаоѓачите на нега може да им помогнат на ранливите постари лица да се снајдат низ системот за нега на постари лица и да најдат услуги за поддршка за да го подобрат квалитетот на нивниот живот. Пронаоѓачите нега нега можат да помогнат и со пристапот до услуги за прв пат и со менување или наоѓање нови услуги и поддршка.

Тие можат да помогнат со:

- *Разговори со My Aged Care во нивно име и да организираат проценка*
- *Присуство и обезбедување поддршка при оценувањето*
- *Наоѓање и составување список на даватели на нега на постри лица во нивната област*
- *Пополнување формулари и објаснување на договорите за услуги за нега на постари лица*
- *Пратење штом услугите се активираат за да бидат сигурни дека се е во ред*
- *Решавање на други предизвици и поврзување со други служби за поддршка во заедницата, како што се здравствени услуги, услуги при проблеми со менталното здравје, домување и бездомништво, служби за поддршка при проблеми со дрога и алкохол и социјални групи во заедницата.*

Пронаоѓачите на нега:

- *Ќе им помогнат на постарите лица да ја разберат, да дојдат до и да се поврзат со други соодветни сервиси кои ќе ги поддрат во заедницата*
- *Ќе им помогнат на постарите лица кои имаат една или повеќе причини да бараат интензивна поддршка за да комуницираат со My Aged Care и да пристапат до услугите за нега на постари лица и друга соодветна поддршка во заедницата.*

Доколку сакате да добиете повеќе информации околу програмата за пронаоѓање нега, обратете се на вработените во *Австралиско Македонската Добротворна Организација за Добробит НЈВ* на телефонскиот број **(02) 8591 1431**.

***Лихнида Бахчанџиева - Тасеска***


# ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
# БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата **www.australianmacedonian.com.au** и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралиско Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

# Жена оживеа на пат кон сопствениот погреб на Тајланд



Шокантниот момент е снимен кога мртва жена се разбудила на пат кон сопствениот погреб на *Тајланд*.

Се веруваше дека **Чатапорн Срипонла** (49) починала додека била транспортирана од болница во нејзиниот дом во провинцијата *Удон Тани*.

Додека била на пат кон областа *Бан Дунг* во комбето, болничарите верувале дека **Чатапорн** повеќе не дише и дека починала.

Нејзината постара мајка, **Мали**, ги повикала роднините за да ги извести за смртта, која ја препишале на нејзината борба со ракот на црниот дроб.

Ужаленото семејство, следејќи ја будистичката традиција на брзо кремирање, веднаш почнала со подготовките за погребот купувајќи ковчег и координирајќи се со персоналот на храмот за церемонијата. Комбето што го превезувало телото на **Чатапорна** излетало од патот кон нивниот дом до храмот, каде што требало да се чува телото преку ноќ, пишува *„Дејли мејл"*.

На големо изненадување на патниците, мртвата жена наеднаш здивнала и ги отворила очите. **Чатапорн** потоа итно била пренесена во болница, каде што е под медицински надзор.

**Мали** рече: *„Мојата ќерка се лекуваше од рак во болницата, но лекарите ни кажаа дека има многу мали шанси да преживее. Сакав последните моменти да ги помине со семејството, па договорив да ја однесеме дома. Бевме скршени кога дознавме дека таа почина на пат кон дома"*.

Роднините рекоа дека се збунети од инцидентот, но веруваат дека **Чатапорн** останала жива затоа што сакала да ги види своите деца пред да умре.

### НА БЛИСКИОТ ИСТОК ЌЕ ЗАПОЧНЕ ТРЕТАТА СВЕТСКА ВОЈНА:

# Дали се остварува пророштвото од 2019 година?

Поранешниот руски претседател на Либерално-демократската партија, **Владимир Жириновски**, пред пет години, во 2019 година, даде предвидување кое се чини дека почнува да се остварува.

Тој предупреди дека до 2024 година на Блискиот исток може да избие конфликт кој може да ги засени сите други глобални кризи.

*„До 2024 година ќе избие конфликт на Блискиот Исток и сите едноставно ќе заборават што е Украина, бидејќи Иран не е Демократска Република Конго или Виетнам или Косово. Овде ќе се случат најстрашните настани. Зборуваме за трета светска војна*", рече тогаш **Жириновски**.

Во вторник беа лансирани балистички ракети од *Иран* кон *Израел*, а низ целата земја се огласија сирени кои предупредуваа за напад.

Според извештаите, биле лансирани речиси стотина ракети.

Иранската револуционерна гарда потврди дека лансирањето на ракетата било одговор на убиството на политичкиот водач на *Хамас* **Исмаил Ханије**, лидерот на *Хезболах* **Хасан Насрала** и заменик-оперативниот командант на *ИРГЦ* **Абас Нилфорушан**.

Во соопштението се нагласува дека *Израел* повторно ќе биде мета доколку одговори.

## СООПШТЕНИЕ



Доктор **Крис Горгиевски** се пензионира после 42 години работа во неговата медицинска ординација во *Томастаун*. Тој им посакува на своите пациенти добро здравје и среќа и ги информира дека сите ќе ги добијат нивните медицински досиеја по пошта.

**ЈАПОНИЈА:**

# По 56 години, ослободен е човекот кој најдолго во светот ја чекаше смртната казна

Човекот кој најдолго беше осуден на смрт во светот беше ослободен по 56 години, откако беше утврдено дека доказите против него се лажни.

**Ивао Хакамада**, кој сега има 88 години, беше осуден на смрт пред повеќе од половина век, откако беше прогласен за виновен за убиство на својот работодавец и неговото семејство во фабрика за супа во *Токио* во 1966 година.

Пред една година започна повторното судење поради сомнежи дека истражителите можеби подметнале докази што доведоа до тоа да биде осуден на најтешката казна за четирикратното убиство.

Случајот **Хакамада** е една од најдолгите и најпознатите правни саги во *Јапонија*.

На повторното судење беше утврдено дека ДНК-та пронајдена на облеката на жртвите не е на **Хакамада**.

Поранешниот професионален боксер го признал убиството во 1968 година по 20 дена испрашување за време на кое бил тепан, но подоцна за време на судењето го повлекол признанието.

Организациите за човекови права го критикуваа потпирањето на јапонското обвинителство на признанијата во истрагата, за кои велат дека се принудени од полицијата.

Последниот ден од судењето привлече огромно внимание на јавноста во *Јапонија*, при што околу 500 луѓе чекаа во редици за да ги заземат своите места во судницата во *Токио*.

Кога беше објавена пресудата, поддржувачите на **Хакамада** пред судот скандираа „банзаи", што на јапонски значи „ура".



Тој е само петтиот осуденик на смрт на кого му е одобрено повторно судење во *Јапонија* од Втората светска војна. **Хакамада** не беше во судницата поради неговата влошена психичка состојба.

Од 2014 година, кога излезе од затвор и му беше одобрено повторно судење, за него се грижеше неговата 91-годишна сестра. **Хакамада** работел во фабрика во 1966 година кога телата на неговиот работодавец, неговата сопруга и двете деца биле извлечени од пожар во нивниот дом во *Шизуока*, западно од *Токио*. Сите четворица претходно биле избодени до смрт. Властите го обвинија **Хакамада** дека го убил семејството, ја запалил нивната куќа и украл пари.

**Хакамада** првично негираше дека ги ограбил и ги убил жртвите, но подоцна го признал делото. Се верува дека признанието било изнудено, бидејќи сослушувањата, на кои му давале седативи, траеле по 12 часа дневно.

Тој беше осуден на смрт во 1968 година за повеќекратни убиства и подметнување пожар. Обвинителите како главен доказ против него ја наведоа облеката со крв пронајдена во фабриката, но адвокатите на **Хакамада** го оспорија тоа.

Тие тврдеа дека *ДНК*-та пронајдена на облеката не се совпаѓа со таа на **Хакамада** и сугерираа дека полицијата можела да подметне докази против него.

Нивниот аргумент беше доволен да го убеди судијата **Хироаки Мурајама** да закаже ново судење.

*„Неправедно е обвинетиот да се држи во притвор, бидејќи во разумен степен стана јасна можноста за негова невиност*", рече тогаш судијата. **Хакамада** беше ослободен од затвор во 2014 година и до сега ја чекаше правосилната судска пресуда.

Освен што го прогласи **Хакамада** невин, судијата заклучи и дека доказите биле фабрикувани. Деценискиот притвор, главно во самица со постојана закана од егзекуција, го наруши менталното здравје на **Хакамада**.

Неговата 91-годишна сестра Хидеко долго време се залагаше за негово ослободување. Минатата година, кога почна повторното судење, таа изрази олеснување.

*„Го чекав овој ден 57 години и конечно е тука*", рече тогаш таа. Таа повеќе од половина век бара правда за својот брат.

*„Конечно каменот падна од моето срце.*

Јапонија е една од двете водечки високо развиени демократии кои не ја укинале смртната казна.

# ЈАДЕЊЕТО ЕДНО ЈАБОЛКО НА ДЕН ГО НАМАЛУВА РИЗИКОТ ОД АЛЦХАЈМЕРОВА БОЛЕСТ



Австралискиот научник за храна и клинички нутриционист, д-р Винсент Кандравинат, рече дека постојат докази кои сугерираат дека редовното консумирање јаболка може да ја подобри меморијата и да го намали ризикот од Алцхајмерова болест, пишува „Дејли мејл“.

Здравствениот истражувач од Сиднеј тврди дека консумирањето повеќе јаболка би можеле да помогнат во одржувањето на добра меморија во подоцнежниот живот бидејќи содржат витамини и минерали поврзани со зачувување на памтењето.

Овошјето богато со феноли како што се флавоноидите може да помогне да се намали ризикот од Алцхајмерова болест со тоа што го штити мозокот од штетни материи. Флавоноидите може да се најдат во многу други овошја и зеленчук, а исто така се моќни антиоксиданси кои можат да ги ублажат симптомите на депресија и анксиозност, рекол д-р Винсент.

Истражувањата покажуваат дека флавоноидите помагаат кај некои дигестивни проблеми и придонесуваат за заштита од рак, срцеви болести и дегенерација која настанува како последица од стареењето.

Најмногу ги има во следново овошје и зеленчук: јаболка, круши, бобинки, кромид и црно грозје

Доктор Винсент ја цитираше американската студија спроведена на 2.800 учесници на возраст од 50 години, која покажа дека оние што јаделе помалку храна богата со флавоноиди имале два до четири пати поголеми шанси да развијат Алцхајмерова болест и сродни деменција во период од 20 години.

Флавоноидите се фенолни соединенија кои се наоѓаат во овошјето како јаболка и круши, како и во зеленчук, како кељ и спанаќ. Можете да ги најдете дури и во чоколадото и виното! Тие соединенија, кога правилно се апсорбираат, се корисни за нашето здравје, вели д-р Винсент.

Тој објаснил дека поголемиот внес на јаболка може да му обезбеди на телото важни витамини и минерали кои ги штитат мозочните клетки од невротоксичност која може да доведе до невродегенеративни нарушувања.

Невротоксичноста се појавува кога нервниот систем на телото е изложен на природни или вештачки токсични материи и ја менува нормалната активност на нервниот систем. На крајот, ова може да доведе до прекин или убивање на мозочните неврони.

Невротоксичноста може да се појави како последица на изложеност на супстанции кои се користат во хемотерапијата, лекувањето со зрачење, терапијата со лекови или дури и изложеноста на тешки метали како жива и одредени адитиви во храната, пестициди, индустриски растворувачи и растворувачи за чистење, како и козметиката.

Доктор Винсент истакнал и дека додавањето свежи јаболка во вашата секојдневна исхрана може да има многу придобивки, вклучувајќи го и менталното здравје. Луѓето кои често консумираат овошје и зеленчук имаат помала веројатност да страдаат од симптоми на депресија и анксиозност, заклучил тој.

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1834 Year 37 • Tuesday, 1 October 2024 • Price $4.00 inc GST

Патувајте во Македонија и секаде во светот
AVIO TRAVEL
335 High St. Preston
03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970
Зборувајте со професионални агенти

ЕВРОПСКАТА АВТОМОБИЛСКА ИНДУСТРИЈА ПРЕД КОЛАПС

АВСТРАЛИСКО ТЕЛО ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ACCC:

Монополот на двата супермаркети им овозможи цените на продуктите да ги креваат далеку над инфлацијата

ТУЖБА ЗА КОЛС И ВУЛВОРТС

МИЦКОСКИ:

ЕУ ИМА ДВОЈНИ СТАНДАРДИ, НЕМА ПОВЕЌЕ ДА ИГРАМЕ ПО СЕКОЈА СВИРКА ОД БРИСЕЛ

МУЦУНСКИ:

НЕ ВЕРУВАМ ДЕКА СОСЕМА ЌЕ НИ ГИ ОТКАЖАТ ПРЕГОВОРИТЕ АКО ДО НОВА ГОДИНА НЕ ГИ СТАВИМЕ БУГАРИТЕ ВО УСТАВОТ

УСТАВЕН СУД ВИДЕ НЕРЕГУЛИРАНО МАСОВНО СЛЕДЕЊЕ

ТЕТОВСКИОТ ГРАВ Е ПРЕД ИСЧЕЗНУВАЊЕ, ГО УНИШТИЈА МАЛИТЕ ХИДРОЦЕНТРАЛИ И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director


# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ



## ПРВА МАКЕДОНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА

**Резултати 8. коло**

| | |
|---|---|
| БРЕРА – ПЕЛИСТЕР | 4:0 |
| БЕСА – ВОСКА | 1:0 |
| РАБОТНИЧКИ – ШКУПИ | 2:1 |
| ШКЕНДИЈА – ВАРДАР | 4:0 |
| СТРУГА – ГОСТИВАР | 2:2 |
| ТИКВЕШ – СИЛЕКС | 0:0 |

| | меч. | поб. | нер. | пор. | бод. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Шкендија (искра) | 8 | 5 | 2 | 1 | 17 |
| 2. Гостивар | 8 | 4 | 4 | 0 | 16 |
| 3. Работнички | 8 | 4 | 4 | 0 | 16 |
| 4. Силекс | 8 | 4 | 1 | 3 | 13 |
| 5. Струга ТЉ | 8 | 3 | 1 | 2 | 12 |
| 6. Брера С | 8 | 3 | 2 | 3 | 11 |
| 7. Шкупи | 8 | 2 | 3 | 3 | 9 |
| 8. Пелистер | 8 | 2 | 3 | 3 | 9 |
| 9. Беса (верба) | 8 | 2 | 2 | 4 | 8 |
| 10. Вардар | 8 | 2 | 1 | 5 | 7 |
| 11. Тиквеш | 8 | 1 | 3 | 4 | 6 |
| 12. Воска спорт | 8 | 1 | 2 | 5 | 5 |

# Вардар и Пелистер убедливо поразени во Тетово и во Струмица, Работнички го „прегази" и Шкупи

Шкендија убедливо со 4:0 славеше против Вардар уште по првото полувреме во 8. коло од Првата македонска фудбалска лига. Убедлив триумф над Пелистер запиша и АП Брера со идентичен резултат, а Работнички продолжува со одличните игри славејќи против Шкупи.

Во дербито на колото, Струга ТЉ ремизираше (2:2) со лидерот Гостивар. Домашните поведоа со голот на Кехинде во 25. минута, но веќе во 36. минута Ајдоган со убав гол израмни на 1:1. Сепак, Струга ТЉ дојде до предност на полувремето со голот на Компаоре во втората минута од судиското продолжение.

Работнички, пак, славеше против Шкупи со 2:1. „Романтичарите" поведоа со голот на Регба во 36. минута. Во второто полувреме, со автоголот на Пинтер во 56. минута, Работнички зголеми и на 2:0, за да Стојановски во 78. минута постигне вистински евро-гол, но само за ублажување на поразот за конечни 2:1.

АП Брера убедливо со 4:0 го победи Пелистер на дуелот во Струмица. Во одличен натпревар, струмичани до победата дојдоа со головите на Марјан Ристовски во 45. минута, Јанкулов стрелаше во 47. минута, Ивковиќ погоди во 61. минута а конечните 4:0 ги постави Димитар Тодоровски во 68. минута од средбата.

Беса триумфираше со 1:0 против Воска Спорт со погодокот на Ремзифаик Селмани уште во 11. минута од натпреварот. Треба да се напомене дека голманот на домашните, Костадин Захов одбрани пенал, и така го спаси својот тим.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

**ФИНАЛЕ НА АФЛ:**

# Бризбен четврти пат во својата историја го освојува купот

**Бризбен Лајонс 18. 12. (120)**
**Сиднеј Свонс 9. 6. (60)**



Најпопуларниот спорт во Австралија без конкуренција е австралискиот фудбал (AFL), чие големо финале го следеа преку 100,000 гледачи на легендарниот стадион MCG во Мелбурн. Шампиони станаа Бризбен Лајонс кои минатата сабота целосно го понижија својот противник. Повеќето љубители на АФЛ очекуваа рамноправен меч помеѓу две изедначени екипи во големото финале. Но, ова беше вистинско крвопролевање. Во суштина победникот беше решен уште во втората четвртина. Лавовите играа беспрекорно по целиот терен и имаа 46 поени предност на полувремето.

Во преостанатите две четвртини Бризбен и понатаму ја зголемуваше својата предност и во ниту еден момент не дозволи да се разигра нивниот противник. На крајот резултатот беше 18 голови и 120 поени за Бризбен, а Сиднеј со само 9 голови и 60 поени.



Бризбен Лајонс целосно доминираше над Сиднеј Свонс и заслужено го обезбеди својот трофеј по долго чекање од 21 година.

## ТЕКВОНДИСТОТ ГЕОРГИЕВСКИ СО СРЕБРЕН МЕДАЛ ЈА ОТВОРИ НОВАТА ОЛИМПИСКА СЕЗОНА



Сребрениот медалист од ОИ во Токио, Дејан Георгиевски, со сребро од Г1 ја отвори новата олимписка сезона.

Георгиевски со две доминантни победи над Насо Марко од Италија и Плонис Артсиом од Белорусија дојде до финалето на Тирана Опен Г1, Албанија.

Во финалето до тесен пораз нашиот натпреварувач загуби од Сотириос од Грција.

Во борбата за златото Георгиевски се бореше со мала повреда со надежи дека многу скоро ќе се санира.

Ова е убав почеток за македонскиот теквондист со значајни бодови за олимпискиот ранкинг, а она што е исто така важно да се спомене е тоа дека Георгиевски го елиминираше Белорусинот Плонис од кого беше спречен да обезбеди норма на олимписките квалификации за Париз.



## ЗЛАТЕН МЕДАЛ ЗА ВЕДРАНА ТУНЕСКИ КОЈА ЈА СОВЛАДА АКТУЕЛНАТА СВЕТСКА ШАМПИОНКА ВО ТЕКВОНДО

Македонската теквондистка Ведрана Тунески на Тирана Опен Е2 во категоријата кадетки (-41 кг.) се закити со златниот медал на турнирот во Албанија.

Тунески, репрезентативка и член на ТКД Бутел, оствари четири фуриозни победи од кои една против актуелната светска кадетска шампионка Вирџинија Ламптис од Италија.

Македонката триумфираше и против Милјана Јовичиќ (Црна Гора), Аурора Парисела (Италија) и Дијаз Гомез (Шпанија).

Инаку Е2 е најсилно рангиран младински теквондо турнир во светското младинско олимписко таеквондо.

Да потсетиме и дека Тунески е бронзен медалист од Европско пионерско првенство.



### ПАНЧЕВ:

## Интер беше огромна грешка, можев да одам во Барселона, Манчестер, Реал Мадрид...




Легендарниот македонски фудбалер Дарко Панчев во опширно интервју за српската „Политика“ изнесе неколку интересни моменти од неговата богата кариера, а воедно се осврна и на трансферот од Црвена Звезда во Интер.

Нашата „кобра“ отворено признава дека преминот во Италија му бил најголема грешка и жали што не успеал да продолжи со спектакуларните настапи во некоја друга силна европска лига.

- Тука нема ништо спорно. Направив голема грешка. Интер тогаш немаше квалитетен тим, немаше хемија и атмосферата во соблекувалната не беше како што треба. Играа многу дефанзивно, а тоа беше голем проблем за нас, напаѓачите. Јас во Милано дојдов како зрел фудбалер и очекував да бидам првотимец, а не да се докажувам на тренерите. Бев еден од најбараните центарфори во Европа, но многу бргу ги нарушив односите со стручниот штаб и затоа седев на клупата, вели Панчев.

Понатаму се навраќа на фамозната 1991 година, кога добил понуда од Барселона и Манчестер Јунајтед, но сепак решил да замине во италијанската лига, која во тие моменти беше најсилна во светот.

- Многу гиганти се интересираа за мене. Имав понуда од Барселона и од Манчестер Јунајтед, но решив да заминам во Интер. Грешката е кај мене, ме бараа Јохан Кројф и Алекс Фергусон, но јас одбрав друг пат. Имав и пред-договор со Милан, а силно заинтересиран беше и Реал Мадрид. Ја преземам одговорноста, затоа што јас лично ја одбрав најлошата варијанта за мене, изјави македонската легенда.

Дарко Панчев во дресот на Интер одигра само 19 официјални мечеви и постигна три гола (во првите два контролни меча постигнал 5!). Претходно, важеше за еден од најрасните стрелци во Европа, а додека настапуваше за Вардар (151 настап / 84 гола) и Црвена Звезда (92/84) а до крајот на кариерата настапуваше и за германските Лајпциг (10/2) и Фортуна (14/2) и швајцарски Сион (5/0).

A AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston
03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970

AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО УДОБНО СИГУРНО ВЕ ОЧЕКУВАМЕ НЕ ЧЕКАЈТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

Australian Macedonian TODAY
Австралиска Македонски Денес
22
СПОРТ
ISSN 1442-195X

# СИНЕР И АЛКАРАЗ ЌЕ ИГРААТ ЗА ТИТУЛАТА ВО ПЕКИНГ



Светскиот рекет број еден и победник на Австралија опен и САД опен Јаник Синер обезбеди пласман во финалето на АТП 500 турнирот Кина опен во Пекинг, каде за титулата ќе се бори против светскиот рекет број три Карлос Алкараз од Шпанија.

Во полуфиналето, 23-годишниот Италијанец во два сета со 6-3, 7-6 (3) го победи 22-годишниот Јунчаокете Бу од Кина, која стигна до полуфиналето откако на главниот турнир влезе со покана од организаторите.

Алкараз (21) во второто полуфинале го победи светскиот рекет број пет Данил Медведев од Русија со 7-5, 6-3.

Воедно Синер чека да види дали Судот за спортска арбитража (CAS) ќе ја прифати жалбата на Светската антидопинг агенција против неговата ослободителна пресуда за наводно случајно користење на забранет стероид.

Во случај на негативен исход, Синер се соочува со суспензија од две години.

